ИЗВЕСЕН ПОГЛЕД

БОДАН АРСОВСКИ

# СРЕЌАТА ПРЕВЕДЕНА ВО ЉУБОВ



Полека и рокерите почнаа да го наоѓаат своето место на овие наши т.н. театарски страници. Исто како што и рокенролот полека, но сигурно навлезе на театарската сцена и во културата воопшто. Пред помалку од две недели на сцената на МНТ се случи премиерата на првиот југословенски рок балет „Зодијак", што според интересирањето на публиката, доживеа успех. Голем дел од успехот понесоа авторите на музиката Бодан Арсовски и Влатко Стефановски:

**– Дали очекувавте ваков успешен исход?**

● Не знам што очекувавме. Идејата на Горан (Стефановски н.з.) беше одлична. Влатко и јас цело лето „умревме" од работа и конечно бевме задоволни од она што го направивме. Останатото беше во рацете на кореографот, режисерот, балетотскиот ансамбл... Јас не ги следев сите проби и подготовки. Но, кога пред крајот видов што е направено, бев воодушевен. Навистина искрено воодушевен. Пред сè, од кореографот Олга Милосавлева и тој прекрасен балетски колектив што со срце се врза за проектот. Режисерот Бурхан, сценографот Марина Чутурило, костимографот Елена Дончева, па и целиот МНТ навистина дадоа се од себе и придонесоа за успехот.

– Музиката за „Зодијак" не е само рок. Има тука и фанк, џез... па и самба...

● Дванаесетте зодијачни знаци, секој за себе е одделен карактер. Тоа и нè поведе додека ја правевме музиката. Еве да речеме во „Близнаците" користиме самба едноставно, зашто јас не познавам некаков си „Близнак" кој не ја сака оваа музика. „Близнаците" се за „хај лајф" и тие уживаат во самба. Тргнавме од тоа чувство. И воопшто кога ја правевме музиката, си замислувавме ситуации од кои се раѓаше темата, а потоа сè беше импровизација. Ништо не правевме онака од глава, туку само како визија и имагинација: во „Рибите" нуркавме, во „Овенот" бевме во Њуорк...

**– Во долгогодишното занимавање со музика Влатко и вие учествувавте во многу драмски проекти. Но, досега вашата музика била „фил" или додаток на претставата од што многу и не зависи успехот на проектот. Овојпат беше сосема поинаку, зашто во балетот музиката има основна функција. Дали имавте поради тоа трема?**

● Пред премиерата мислев дека сум мртов ладен. Но, колку всушност имав трема сфатив кога дури по неколку часа за првпат седнав. До тогаш само се вртев наоколу. А кога сè се заврши, почувствував среќа. Не поради тоа што „Зодијак" успеа. Среќата едноставно ја преведов и видов дека доаѓа од таму што ги сакам сите тие луѓе што го создадоа. Среќата, всушност беше љубов.

**– Постои ли идеја оваа музика да се најде на ЛП плоча, или пак можност одделни делови од неа да изведувате и на вашите концерти?**

● Плочата наскоро ќе биде готова. Постои идеја целиот балет да се најде и на видео касета. Но, за тоа веројатно ќе требаат доста средства... Што се однесува до концертите...? Види! Оваа музика ја доби својата атмосфера токму од балетот. Пред неколку денови, нешто дома свирев и посакав да ја слушнам повторно музиката од „Зодијак". Ја слушав, а сите фантазии од моментите кога ја правевме беа загубени. Едноставно во тој миг пред очите почна да ми излегуваат токму сликите од балетот. Почна до мене да допира енергија што се создаде на сцената. Затоа велам музиката сега доби една друга димензија, зашто се претопи со онаа привлечност на движења, таму од сцената, па затоа таму е нејзиното вистинско место!

Д. Стојановиќ